КАКО СММИ ЈА ПОТТИКНУВА ПОЛАРИЗАЦИЈАТА И РАДИКАЛИЗАЦИЈАТА ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН

Студија на случај



Скопје, 2026

Институт за комуникациски студии

respublica

Оригинален наслов:
How FIMI Fuels Polarisation and Radicalisation in the Western Balkans - Case study

Издавач:
Институт за комуникациски студии
ул. Јуриј Гагарин 17/1-1, Скопје
www.iks.edu.mk

За издавачот:
д-р Жанета Трајкоска

Автори:
проф. д-р Арие Антинори
Џорди Најенхаус

Едиција:
ResPublica

Превод од англиски:
Гордан Танасков

Лектура:
Симона Груевска-Маџоска

Графички дизајн:
Зоран Кардула

Графичко уредување:
Дејан Јовески

Место и година:
Скопје, 2026

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

327.8:[316.4.063.24+316.647.7](497-15)(047.31)

АНТИНОРИ, Арие
Како СММИ ја поттикнува поларизацијата и радикализацијата во Западен Балкан [Електронски извор] : студија на случај / [автори Арие Антинори, Џорди Најенхаус]. - Скопје : Институт за комуникациски студии, 2026. - (Едиција ResPublica)

Начин на пристапување (URL):
https://respublica.edu.mk/wp-content/uploads/2026/04/kako-smmi-ja-pottiknuva-polarizacijata-i-radikalizacijata-vo-zapaden-balkan-mk.pdf).
- Превод на делото: Економски канали на странско влијание во Северна Македонија. - Текст во PDF формат, содржи 34 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 14.05.2026. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон главите

ISBN 978-608-4805-83-0

1. Најенхаус, Џорди [автор]
а) Странски влијанија -- Поларизација -- Радикализација -- Западен Балкан -- Истражувања

COBISS.MK-ID 68801797

British Embassy Skopje

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

Овој производ е подготвен во рамки на проектот „Следење, откривање и разобличување на скриеното странско мешање и манипулирање со информации“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Оваа публикација обединува две комплементарни анализи, подготвени од проф. д-р Арие Антинори[1] и Џорди Најенхаус[2], со цел да се испита како странското мешање и манипулирање со информации (СММИ) функционира во современите информативни средини.

Првата анализа, подготвена од проф. Антинори, ***Радикализација и СММИ во киберопштествениот екосистем на Западен Балкан***, го анализира Западниот Балкан како информациски простор во кој СММИ дејствува преку хибридна инфраструктура составена од дигитални платформи, традиционални медиуми, домашни политички актери, и сè поавтоматизираните механизми што ја поттикнуваат радикализацијата во регионот. Неговата анализа покажува дека ранливоста на регионот не произлегува само од странските наративи, туку и од кревките медиумски системи, поларизираното политичко опкружување, и локалните актери способни да ја претворат надворешната манипулација во внатрешен конфликт.

Втората анализа, подготвен од Џорди Најенхаус, ***Амбиентална радикализација: Како СММИ ги искористува постојните поделби***, се надоврзува на оваа перспектива, испитувајќи како ваквите информативни средини влијаат врз публиката и општествата со текот на времето. Најенхаус тврди дека радикализацијата денес не може да се разбере само како процес на директна идеолошка регрутација во екстремистички движења. Наместо тоа, таа сè повеќе се развива преку изложеност на манипулативни содржини што ја продлабочуваат недовербата, ги заостругаат поделбите и ги нормализираат поекстремните толкувања на реалноста. Тој го воведува концептот на амбиентална радикализација за да го опфати овој поширок процес, во кој целта не е само поединецот што е изложен на ризик, туку и општеството во целина.

Од методолошка гледна точка, авторите му пристапуваат на овој предмет од различни, но комплементарни перспективи. Антинори комбинира концептуално врамување со компаративна регионална анализа, потпирајќи се на институционални извештаи, медиумски и дигитални показатели, набљудувања специфични за платформите и избрани примери од целиот Западен Балкан, со цел да го мапира киберопштествениот екосистем низ кој СММИ циркулира, стекнува кредибилитет и ја поттикнува радикализацијата. Наспроти тоа, Најенхаус има концептуален и илустративен пристап, користејќи постојни истражувања, институционални извори и избрани студии на случај од Европа и Западниот Балкан за да истражи како манипулативните и поларизирачките информативни средини можат да поттикнат радикализација со текот на времето.

Целта на оваа публикација е да ги надмине изолираните и раздвоени сфаќања за дезинформациите, говорот на омраза, поларизацијата и радикализацијата. Наместо тоа, таа застапува поинтегриран пристап што препознава дека овие појави меѓусебно се преплетуваат и дејствуваат во рамки на истата информативна средина. Ваквиот пристап е од особена важност во Западниот Балкан, каде што се вкрстуваат нерешени и долготрајни политички тензии, кревки медиумски простори, идентитетски спорови и надворешни влијанија.

---

[1] **Арие Антинори** е професор по криминологија и социологија на девијантноста на Универзитетот „Сапиенца" во Рим и член на лабораторијата за истражување на интерперсонално насилство (InterViRe) при Одделот за хумани невронауки. Тој е доктор на науки по „Криминологија за истраги и безбедност", како и доктор на науки по „Комуникациски и медиумски студии". Антинори е виш експерт на ЕУ за тероризам и транснационален организиран криминал (Т.О.С.) во рамки на повеќе европски мрежи и тела, меѓу кои EENeT, EUROPOL ECTC-AN, CEPOL, EFD, EUROMED, ERCOR, RAN и GIFCT. Воедно, тој е консултант за безбедност, обучувач на полициски сили, аналитичар и обучувач за геополитика и OSINT, како и експерт за социјални медиуми и стратешки комуникации. Член е и на WG-EXTREME при Европското здружение за криминологија.

[2] **Џорди Најенхаус** е обучувач и консултант, и сооснивач на Dare to be Grey, организација што има цел да се спротивстави на поларизацијата, дезинформациите и омразата. Тој е вклучен во различни кампањи и обучува медиумски професионалци од целиот свет за кампањи, раскажување приказни и спротивставување на радикализацијата, говорот на омраза и дезинформациите, со посебен фокус на социјалните медиуми.

РАДИКАЛИЗАЦИЈА И СММИ ВО КИБЕРОПШТЕСТВЕНИОТ ЕКОСИСТЕМ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

проф. д-р Арие Антинори

1. Западен Балкан како семантичка рамка

Концептот 'Западен Балкан' не се користи за да означи постоење на неутрален географски регион, туку за да опише политичко-институционална категорија која е конструирана однадвор. Во лексиконот на Европската Унија тој се однесува на Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Македонија и Србија како транзициски простор кој е ориентиран кон евроатлантска интеграција и кон проширување на Европската Унија (Council of the European Union, 2003; EPRS, 2023). Токму поради оваа причина, терминот не се користи за да опише само област: тој дефинира позиција во однос на интегрираната Европа, со што географијата се претвора во простор поделен по хиерархија и се создава асиметричен однос што може да биде искористен од непријателски настроени држави кои сакаат да го дестабилизираат и да го компромитираат демократскиот поредок на Западен Балкан и, со тоа, индиректно да направат Европската Унија да биде поранлива. Ова е уште позначајно со оглед на тоа што регионот треба да се наоѓа во еден многу поширок стратешки простор – сфатен како систем на меѓумедитерански феноменолошки меѓусебни врски – што јас го нарекувам „EUBalkaMENA", кој ги опфаќа ЕУ, земјите од Западен Балкан и од Блискиот Исток и Северна Африка (MENA).

Концептот на Западен Балкан е корисен на дипломатско и на административно ниво бидејќи овозможува воспоставување партнерства, спроведување реформи, условености и регионални приоритети. Сепак, неговата институционална ефикасност истовремено се совпаѓа и со симболична кревкост. Оваа категорија е хиерархиска, бидејќи ја одделува Европа која е „веќе комплетна" од Европа која „сè уште е на чекање". Таа исто така е стигматизирачка, бидејќи содржи стереотипи за нестабилност, корупција, фрагментација и конфликт; и е хомогенизирачка, бидејќи ги става во иста рамка и на исто рамниште земјите кои имаат многу различни истории, политички системи и геополитички траектории (EPRS, 2023; SEENPM/Our Media, 2025).

ЕУ е актерот кој најтемелно го има институционализирано овој термин во техничка и нормативна смисла. Соединетите Американски Држави го користеа првенствено во безбедносна смисла и во смисла на санкции, поврзувајќи го притоа регионот со корупција, повоена кревкост, евроатлантска безбедност и ограничување на непријателското влијание. Русија, пак, ја користи оваа категорија во амбивалентна смисла: од една страна, ја користи во обичниот дипломатски јазик, а од друга страна, ја делегитимира како лексикон на евроатлантската експанзија, сè повеќе споредувајќи ја со вокабуларот на мултиполарноста, Глобалниот Југ, Глобалниот Исток и глобалното мнозинство (EEAS, 2025; EPRS, 2023).

Оваа семантичка двосмисленост е клучна за разбирање на СММИ. Попрецизно кажано, наративната „вепонизација" на Западен Балкан може да се подели на шест аналитички нивоа, од кои секое дејствува како средство за избор на значење, симболична хиерархизација и предиспозиција за манипулација со информации:

- Географска двосмисленост: регионот е претставен како гранично подрачје, а не како целосно стабилизиран дел од Европа, со што е полесно да се прикажува како област која е суштински нецелосна, реверзибилна или која е отворена за оспорување.
- Ефект на исклученост: етикетирањето сигнализира состојба на близина, но без целосна припадност, создавајќи чувство на политичка суспензија што може наративно да се преведе во фрустрација, огорченост и недоверба кон евроатлантскиот проект.
- Семантичка стигма: терминот евоцира седиментирани дискурзивни репертоари – криза, корупција, насилство, заостанатост, нестабилност, кои го намалуваат прагот на кредибилитет за непријателските наративи и ги потврдуваат претходно постоечките стереотипи.
- Хомогенизација: компримирањето на различни национални траектории во една единствена регионална категорија ја намалува сложеноста на различните локални контексти и го олеснува сериското применување на истите полемички или конспиративни рамки.
- Употреба на регионот во безбедносна смисла: кога Западен Балкан се толкува првенствено како безбедносен проблем, вниманието на јавноста се префрла од општествениот плурализам кон ризици од дестабилизација, со што се фаворизираат наративи кои се водени од вонредни и итни состојби и кои се исклучувачки и поларизирачки.
- Опортунистичка еластичност на категоријата: формулата е доволно флексибилна за да се пополни, во зависност од контекстот, со различни значења – проширување, ограничување, влијание, криза, транзиција и токму оваа еластичност ја прави особено погодна за стратешка манипулација.

2. Дигитализација и регионална информациска средина

2.1 Високо поврзан екосистем со нерамномерна отпорност

Ако зборуваме во генерална смисла, Западен Балкан денес е многу поврзан регион: најновите споредбени податоци укажуваат на тоа дека пенетрацијата на интернет-поврзаноста е помеѓу (приближни) 86,7 % во Босна и Херцеговина и 92 % во Македонија, при што Србија, Косово, Црна Гора и Албанија заедно се блиску до или над 88 % (DataReportal, 2025). Употребата на социјалните медиуми е исто така широко распространета, иако со неопходна претпазливост во однос на идентитетите кои се присутни на социјалните медиуми, кои не секогаш значи дека се токму тие лица кои се претставуваат.

Сепак, одлучувачката променлива во оваа смисла повеќе не е самиот пристап, туку квалитетот на информациските екосистем. Регионалните синтези откриваат постоење на конвергентен модел: довербата во медиумите генерално опаѓа, употребата на социјалните мрежи како извори на вести се зголемува, телевизијата и понатаму има централна улога, но таа повеќе нема монополска позиција, заробувањето на медиумите продолжува, медиумската писменост е на ниско ниво или е нерамномерно распределена, помладите корисници сè повеќе ги третираат платформите како извори на информации, а кршењата на етичките принципи во дигиталната сфера се нешта кои се повторуваат со значителна зачестеност.

Од тие причини, медиумската структура на Западен Балкан има хибридна структура. Телевизијата и понатаму има силна позиционираност, особено кај возрасната и постарата публика. Фејсбук и понатаму е важен како простор за масовно ширење и нормализирање на рамките. Инстаграм и Тикток сè повеќе стануваат порелевантни за откривање вести кај младите луѓе и кај помладите адолесценти. Јутјуб функционира како простор за наративна серијализација и аудиовизуелна меморија. Апликациите за пораки и Те-

леграм работат како средини за забрзување, за градење заедница и за пренесување. Во една ваква поставеност на работите, содржината циркулира по повеќе траектории: од локалниот портал до телевизискиот информативен билтен, од каналот Телеграм до страницата за лажни вести, и од телевизиските емисии до видео на Фејсбук или X.

Наместо едноставен попис на главните платформи, оваа дистрибуција треба да се толкува како модел на функционална диференцијација кај дигиталните можности. Ако зборуваме во смисла на медиумски студии, Западен Балкан се обликува како хибриден медиумски систем во кој откривањето вести, социјалната интеракција, алгоритамските препораки и повторната употреба на интермедијалните мрежи сите заедно функционираат на меѓусебно поврзан начин: во Албанија, на пример, повеќе преовладува визуелна и мобилно-центрирана комбинација која е предводена од Тикток, Фејсбук и Инстаграм; во Босна и Херцеговина, централното место на Фејсбук, Инстаграм и Јутјуб укажува на постоење поголема интеграција помеѓу социјалните мрежи, видеоклиповите и рециркулацијата на новинарската содржина; на Косово, комбинираната тежина на Фејсбук, Инстаграм и Тикток се одраз на расположението на помладата публика кое е ориентирано кон брзо циркулирање; во Црна Гора, Фејсбук, Инстаграм и X укажуваат на постоење помала средина, но која сепак има висока политичко-дискурзивна густина; во Македонија, улогата на Фејсбук, Инстаграм и Линкдин, заедно со Тикток и Телеграм, открива заемно меѓусебно постоење на општи јавности, политизирани микројавности и професионални заедници; во Србија, Фејсбук, Инстаграм, Јутјуб, Тикток и апликациите за пораки се оние кои го формираат најобемниот екосистем и оној што е најспособен за прелевање на регионално ниво. Оттука следува дека релевантноста на платформата зависи не само од нејзиниот опфат во смисла на бројки туку и од функцијата што ја извршува во рамките на информацискиот екосистем: откривање, емоционално интензивирање, наративно архивирање, координација, перење или вклучување во главните текови.

2.2 Профили на земјите: поврзаност, медиумска „исхрана" и ранливости

Албанија има околу 2,45 милиони корисници на интернет, со пенетрација од околу 88,4 %. Системот во оваа земја е силно хибриден: телевизијата задржува важна улога кај поширокатa публика, додека Тикток, Фејсбук и Инстаграм добиваат на популарност кај помладата публика. Најчестите ризици се оние кои се однесуваат на нецелосната медиумска писменост, концентрацијата на пазарот, практиките на повторно објавување/копирање-пејстирање низ медиумите, нејасните граници помеѓу професионалното новинарство и социјалната содржина, како и ранливоста поврзана со безбедноста на децата на интернет.

Босна и Херцеговина има околу 2,72 милиони корисници на интернет и 2,20 милиони сметки на социјалните мрежи. Таа е еден од најранливите случаи: регионалните извештаи ја позиционираат на дното на Европскиот индекс на медиумска писменост. Довербата во медиумите е на многу ниско ниво (околу 15 %), а онлајн медиумите сега постигнаа речиси ист опфат како и телевизијата. Фејсбук и понатаму претставува доминантна платформа, а по неа следат Инстаграм и Јутјуб. Сето ова е дополнително усложнето со длабоката политичка и етничка фрагментација, постојаната присутност на говорот на омраза и информациското опкружување кое е силно изложено на пропаганда и поларизација.

Косово има околу 1,50 милиони корисници на интернет и 855.000 сметки на социјалните мрежи. Младата демографска структура на Косово има соодветна рефлексија и на начинот на кој се консумираат медиумите: телевизијата и понатаму е изворот на информации кој најчесто се користи, но Фејсбук, Инстаграм и Тикток исто така добиваат на тежина како места за откривање вести и политичка социјализација. Во однос на ризиците, Косово е еден од најдобро документираните случаи во врска со ранливоста на малолетниците: во една студија која опфати деца на возраст од 11 до 16 години, повеќе од 90 % од нив

поминувале на интернет помеѓу еден и шест часа на ден, повеќе од 90 % имале паметен телефон, а Јутјуб и Инстаграм се претпочитаните платформи; Тикток се смета за една од средините во кои кибермалтретирањето е најчесто присутно. На системско ниво, Косово е ставено во групата на висока ранливост на дезинформации и на странско злонамерно влијание.

Црна Гора има околу 566.000 интернет-корисници и 445.000 сметки на социјалните мрежи. Најрелевантни мејнстрим-платформи се Фејсбук, Инстаграм и X. Централното прашање тука не е само користењето на платформите туку и врската помеѓу дигиталното опкружување, сопственоста на медиумите и надворешното влијание. Има повеќе извештаи кои укажуваат на тоа дека Србија силно се проектира во медиумскиот екосистем на Црна Гора и кои упатуваат на сериозни празнини во делот на заштита на малолетниците онлајн. Заканите кон новинарите сè повеќе се префрлаат во дигиталната сфера, додека медиумската писменост сè уште не е доволно институционализирана.

Македонија е најповрзаната земја во групата, со пенетрација на интернет од околу 92 %. Податоците укажуваат на тоа дека постои изразен степен на недоверба во квалитетот на информациите: 71 % од испитаниците веруваат дека медиумите даваат површна содржина. Значителен дел од јавноста има проблем да направи разлика помеѓу веродостојни извори и манипулативни кампањи. Во однос на платформите, македонскиот случај е меѓу најдобро мапираните: Фејсбук, Инстаграм, Тикток, X и Телеграм се појавуваат како вектори на координирани кампањи, автоматизирани профили, конспиративни групи и средини со ехо-комора.

Србија е квантитативно најзначајниот случај: таа има околу 6,13 милиони корисници на интернет и 4,83 милиони сметки на социјалните мрежи, со многу голема потенцијална возрасна публика за Јутјуб, Инстаграм, Фејсбук и Тикток. Сепак, системот и понатаму е силно фокусиран на телевизијата, која е најчесто користениот извор на информации – некои сегменти од населението ја гледаат до осум часа на ден, иако само околу 30 % од нив велат дека им веруваат на медиумите, а 96,7 % и понатаму ја следат телевизијата без разлика на тоа што дури 81,5 % од нив користат апликации за пораки. Што се однесува до ризиците, Фридом хаус, ОБСЕ и ОН/ЕУ укажуваат на влошување на слободата на интернет, на постоење кампањи за заплашување против новинарите и на корисниците на социјалните мрежи и на значително ниво на дигитално насилство, особено против возрасните жени и младите жени.

2.3 Возрасни групи, корисници на интернет и диференцирани ранливости

Можеме да идентификуваме најмалку пет возрасни групи на изложеност. Првата е возрасната група од 11 до 16 години која е силно изложена на кибермалтретирање, вознемирување, несоодветни барања, премногу долготрајно користење на платформите и рана употреба на паметни телефони, на социјални мрежи и онлајн игри. Втората е групата од 15 до 24 години, која е клучна за социјализација на информациите во општеството: откривање вести на Инстаграм, Тикток, Јутјуб и апликации за пораки, изложеност на микровидеа, меме-политики, политики на инфлуенсери и емоционално оптимизирана содржина. Третата е сегментот од 25 до 44 години, кој ги комбинира консумирањето вести, употребата на апликации за пораки, работењето на дигитални платформи и ранливоста на геополитичка, економска и антиелитна содржина. Четвртата е групата од 45 до 64 години, кај која телевизијата има силна улога, но Фејсбук, порталите и групите за пораки го олеснуваат перењето помеѓу традиционалните медиуми и дигиталната сфера. Петтата е групата над 65 години, која е сè уште зависна од телевизијата, радиото и хиерархиските извори на информации во поголем дел и затоа е изложена на специфична форма на ранливост: преведување на манипулативни рамки во секојдневни рутини за информирање (Saliu et al., 2022; UNICEF Serbia, 2024/2026; UNICEF Albania; Montenegro Media Institute, 2025; OSCE Serbia, 2023).

Што се однесува до меме-културата и онлајн игрите, емпириската основа тука е послаба, но не и неважна. Гејмингот се појавува како простор за млади кој се карактеризира со висока изложеност и ниска социјална регулација, и заслужува внимание, особено во неговите форми поврзани со игрите – Discord, гласовни разговори и паралелни заедници, иако, во моментов, гејмингот сè уште не се појавил како вектор на регионалното СММИ кој би бил целосно мапиран.

3. Како СММИ добива кредибилитет

Во земјите од Западен Балкан, циркулацијата на руски или проруски наративи помалку зависи од еден централен мегафон, а повеќе од екосистем на релеи. Ова е патеката која е идентификувана и која се повторува:

Руски или проруски извор → Телеграм / Спутник / РТ / страници за поддршка → локални портали, таблоиди, телевизија, регионални политичари → дополнително засилување на Фејсбук, Јутјуб, X и Инстаграм.

Во овој синџир, локалните вектори немаат само помошна улога; тие самите се конкретниот услов за ефикасност на манипулирањето.

3.1 Традиционални медиуми, таблоиди и перење

За време на инфодемиската фаза во периодот 2018 – 2020 година, основата на ширењето на информациите не беа само социјалните мрежи. Една студија која разгледуваше вкупно 74 потврдени кампањи и приближно 32 милиони интеракции дојде до заклучок дека Фејсбук беше многу силно присутен, но дека телевизијата, весниците и локалните/општинските медиуми и понатаму беа поважни како канали на дистрибуција. Весниците и периодичните изданија се појавија во над 70 % од кампањите, локалните медиуми во над 60 %, државните медиуми во приближно 45 % и приватните медиуми во 82 % (European Parliament, 2021). Структурниот заклучок е јасен: главната скала на ширење дезинформации во земјите од Западен Балкан има хибридна природа, а не чисто општествена.

Во рамките на една ваква архитектура, „Спутник Србија“ и „РТ Балкан“ функционираат како центри за локализација. Содржината произведена или адаптирана на српски јазик лесно може повторно да се објави низ целиот босанско-хрватско-црногорско-српски (BCMS) простор, намалувајќи ги трошоците за превод и зголемувајќи го обемот на перење. Клучната поента не е само директниот дофат на публика туку и повторната употреба. Руската или проруската содржина навлегува во домашните медиумски кругови преку слободно повторно објавување, нејасно припишување, преформулирање и реконтекстуализација, што го прави потеклото на изворот помалку видливо.

3.2 Телеграм

Во однос на социјалните мрежи, најочигледниот квалитативен скок се забележува кај Телеграм. Мониторингот направен во 2023 – 2024 година во Босна и Херцеговина, Косово и Србија покажува различно ниво на релевантност на оваа платформа, зависно од земјата: Телеграм на Косово има мошне голем обем, ист е случајот и во Босна и Херцеговина, додека во Србија најприсутен е Фејсбук. Во секој случај, Телеграм се појавува како платформа која претставува привилегиран простор за националистичка, анти-НАТО и проруска содржина. Идентификувани се вкупно тринаесет канали на српски и на руски јазик кои имаат вкупно повеќе од 230.000 претплатници, заедно со уште еден канал кој има повеќе од 54.000 следбеници и кој е поврзан со десетици други канали, и

уште еден друг канал поврзан со Дејан Бериќ кој е српски борец во странство, активен во Донбас во периодот од 2014 година и кој, во рамките на српскиот говорен простор, стана фигура на поврзување помеѓу проруската милитантност, регрутирањето волонтери, военото сведочење и херојско-идентитетскиот наратив. Во овој контекст, неговата релевантност е не само во личната озлогласеност туку и во фактот дека тој функционира како вектор на една симболична автентикација: тој ја претвора пропагандата во животно искуство, геополитичката кауза во милитантна биографија, а проруската рамка во морален репертоар.

Функционално гледано, Телеграм е платформата која е најсоодветна за интензивна радикализација и претходна мобилизација: канали, групи, пренасочување, препраќање помеѓу канали, собирање средства, кратки клипови, апокалиптични тонови, идентитетски алармизам, брза мобилизација и речиси моментално движење кон одредени страници, Јутјуб или таблоиди. Во земјите од Западен Балкан, најекспонирана цел е првенствено публиката што зборува српски јазик која живее во Србија, на северно Косово, во Република Српска и во Црна Гора; најчести теми се Косово, НАТО 1999 година, понижувањето на Србија, одбраната на православниот/српскиот идентитет, анти-ЕУ и анти-НАТО наративите и војната во Украина која се толкува како конфронтација помеѓу Русија и Западот (RAN, 2022; EUISS, 2023; ISD, 2024/2026).

3.3 Фејсбук

Фејсбук и понатаму претставува главен и масовен канал на киберопштествениот екосистем. Неговата целна публика е поширока од онаа на Телеграм: тоа се пошироката јавност, граѓанските групи, локалните заедници, мрежи на дијаспората и возрасните и меѓугенерациски групи. Теми кои постојано се присутни на оваа платформа вклучуваат институционални кризи, сеќавање на војна, референдуми, национален идентитет, двојни стандарди на ЕУ, сомневања за постоење завера од Западот и рамки кои во својот центар ја имаат одбраната на традиционалните вредности. Платформата функционира преку лажни вести, локални групи, мемиња, емоционално набиени објави, рециркулирање на телевизиски видеа и хаштаг или бојкот-кампањи; македонскиот случај на #Бојкотирам останува особено препознатлив, бидејќи покажува како хаштагот може да функционира како средство за агрегација на одреден дискурс и протест, насочувајќи ги економското незадоволство, недовербата во политиката и секојдневното негодување во една рамка што веднаш се споделува и која е лесна за пренесување.

Фејсбук е помалку милитантен од Телеграм, но посилен во мејнстриминг-смисла. Важно е да се истакне дека мејнстриминг значи процес преку кој рамките кои првично се маргинални, секторски или радикализирани постепено се нормализираат, односно се враќаат во вид на форми на комуникација кои се перципираат како обични, познати и општествено легитимни. Фејсбук има капацитет да го претвори протестот во густи социјални мрежи, да ги намали трошоците за ангажирање и да го направи органско она што започнува како кампања. Во таа смисла, ризикот од радикализација е средно висок, но пред сè тој е кумулативен: мобилизацијата расте кога веќе постојат социјални или територијални мрежи кои можат да го претворат негодувањето во офлајн учество кое е сепак „поврзувачко“.

3.4 YouTube

Јутјуб е помалку важен за брза координација, а повеќе за наративна длабочина, перципиран авторитет, политичка меморија и серијализација на кадрите, како што покажува мониторингот спроведен на повеќе од 70 часа содржина од 13 канали со повеќе од 2,9 милиони следбеници. Ова го прави Јутјуб да биде особено ефикасен за Косово, 1999 година, НАТО, за српската историска жртва, идејата за Русија како природен сојузник, декаденцијата на Западот и предавството на Европа.

Ризикот од радикализација на Јутјуб е средно висок, но првенствено се јавува преку повторување и преку долга нарација. Вепонизацијата функционира преку вадење на клипови, циркулирање на емисии во кои се разговора, повторна употреба на телевизиски програми и вкрстување со традиционалните медиуми. Поточно кажано, Јутјуб го претвора наративот во оружје (го вепонизира) тогаш кога дозволува комплексната политичка приказна да се разложи на кратки аудиовизуелни единици, кои се лесни за нивно ставање во поинаков контекст и кои имаат висока вредност на повторна употреба, а кои потоа можат да се рециркулираат на други платформи како доказ, признание, разоткривање или како артефакти на сеќавање. Текстот, исто така, потсетува на улогата на „Хепи ТВ" и на другите канали кои повторно предлагаат политичка и комеморативна содржина на претходно предиспонирана публика. Во оваа смисла, Јутјуб не е платформата што најбрзо мобилизира, туку таа го гради интерпретативниот хоризонт во кој идната мобилизација е нешто што станува легитимно, морално оправдано и наративно кохерентно.

3.5 X

X има поограничена масовна пенетрација, но значителна тежина во дефинирањето на агендата кај елитите, новинарите, политичарите, активистите и дијаспората. Се користи за воведување хаштагови, претворање на годишнини или инциденти во политички рамки, обезбедување материјал за новинарите и забрзување на видливоста на оние рамки кои предизвикуваат најголем раздор во првите часови од кризата. Неговото влијание е помалку водено од заедницата отколку што е тоа случај со Телеграм и е помалку седиментно од влијанието на Фејсбук, но е многу силно во однос на брзината на поставување рамки и на посредничките синџири на пренесување.[3]

3.6 Автоматизирани сајтови, лажни вести и мрежи за перење

Постои уште една друга централна компонента на сценариото кое е мапирано овде, а тоа е појавата на автоматизирани сајтови и мрежи за перење содржини. Од перспектива на СММИ, ова е една од најефикасните инфраструктури. Истрагата на РСЕ/РЛ за мрежата „Правда / Портал Комбат" документира дека, во периодот помеѓу март и јули 2024 година, четири страници на српски, босански, македонски и албански јазик објавиле повеќе од 70.000 статии, при што повеќе од 67.000 статии се објавени само на српската страница. Преминувањето од Телеграм кон страниците се случувало во рок од 3 до 12 минути со користење на алатки како што се VK Video и Yandex за превод, продукција и дистрибуција (Viginum, 2024; RFE/RL, 2024; EEAS, 2025).

Овие сајтови имаат помал капацитет за директна радикализација отколку што е тоа случај со Телеграм, но нивниот потенцијал за вепонизација е многу висок: тие нудат упорност, индексација, обем, лажен плурализам на извори, негирање и оптимизација на пребарувачите (SEO). Идеални за претворање на содржината која настанала на некој пропаганден канал во „статија" што другите портали, страници и коментатори последователно можат да ја цитираат како обична информација.

[3] IKS (2025), cit.

Табела 1. Платформи, функции и нивна корисност за СММИ

ПЛАТФОРМА	ИНФРАСТРУКТУРА / ЛОГИКА	РАДИКАЛИЗАЦИЈА	ВЕПОНИЗАЦИЈА	МОБИЛИЗАЦИЈА	КОРИСНОСТ ЗА СММИ
Телеграм	Канали, групи, препраќање, меѓуплатформско реле	Висока: густи заедници, антагонистички идентитети, емоционална ескалација	Висока: координација, прибирање средства, почетно перење вести, континуитет на мрежата	Средно висока: повеќе подготовка и координација отколку масовен опфат	Многу висока
Фејсбук	Страници, групи, локални заедници, дијаспора	Средна: седиментација наместо шок	Средно висока: социјално таргетирање и нормализација	Висока: логистичка координација и дисеминација на рамката	Висока
Јутјуб	Разговорни емисии, клипови, емитување во серии, аудиовизуелна меморија	Средно висока: наративна длабочина и перципиран авторитет	Средна: повторна употреба, вадење на видео клипови, долго траење	Средна: легитимира и подготвува повеќе отколку што координира	Средно висока
X / Твитер	Дефинирање агенда, хаштагови, елити, новинари	Средна: зацврстување на дискурс помеѓу политизираните јавности	Висока за брзи рамки и кризи	Средна: силно кај елитите, пониско кај пошироката јавност	Средна
Автоматизирани сајтови / лажни вести	Превод, дуплирање, индексирање, перење вести	Ниско среден директен ефект	Многу висока: обем, упорност, негирање	Ниско директна, високо индиректна	Многу висока
ТВ / таблоиди / мејнстрим портали	Масовен опфат, очигледна репутација, домашно пренесување	Средно висока: конструкција на здрав разум	Високо: домашност и легитимирање	Средно висока: овозможува политички ефекти и протести	Многу висока

4. СММИ, радикализација и анализа на држави/платформи

4.1 Регионален преглед и оперативен модел

Најфункционалната комбинација за СММИ во земјите од Западен Балкан е онаа што го поврзува Телеграм со автоматизирани страници/портали, па потоа со локални медиуми/таблоиди/телевизии и, конечно, со центри за локализација како што се Спутник/РТ, при што Фејсбук и Јутјуб играат комплементарна улога на нормализација и длабочина на наративот, а X функционира како забрзувач на кризи. Оваа архитектура создава три процеси кои меѓусебно се различни, но сепак се меѓузависни, и тоа:

X. **Радикализација:** процес на когнитивно-афективно „стврднување" (hardening) преку кој корисникот повторно ги препрочитува сложените настани во антагонистички, идентитетски или конспиративни рамки кои стануваат сè поедноставни и морално поларизирани.

Y. **Вепонизација:** трансформацијата на платформите, медиумските формати и на релејните вектори во оперативни инструменти на влијание, притисок, симболично заплашување или координација – со други зборови, во средства кои се способни да произведат ефекти надвор од самото ширење на пораката.

Z. **Мобилизација:** преминот од прифаќањето и споделувањето на рамките до подготвеноста за дејствување, онлајн или офлајн, преку протест, прифаќање, собирање средства, регрутирање, социјален притисок или учество во конфликти.

Од сето ова следува дека најинтензивната радикализација има тенденција да се развива во високо идентитетски ниши, најефикасната вепонизација поминува низ хибридни инфраструктури, а најефикасната мобилизација се јавува тогаш кога содржината која предизвикува раздор е „припитомена" и преведена во локален политички конфликт.

Во таа смисла, можеме да идентификуваме оперативен модел кој се состои од седум фази:

1. Извидување на тоа која е ранливоста: претходна идентификација на поплаки, идентитетски поделби, трауматски сеќавања, демографски сегменти и политички прозорци кои се подложни на наративна активација.

2. Наративно пакување: преведување на тие ранливости во едноставни рамки, емоционално обележани, културно препознатливи и лесно приспособливи на различни платформски средини.

3. Првично посејување: вметнување на содржината во канали кои имаат ниско ниво на модерирање или се карактеризираат со голема идеологија, во кои пораката може да добие на интензитет, кохерентност и да ги има првите знаци на привлечност.

4. Перење на вести и нивно локално прифаќање: прифаќање на содржината од страна на портали, коментатори, локални медиуми или политички актери кои го омекнуваат нејзиното надворешно потекло и ја прекодираат како внатрешен, веродостоен и заеднички проблем.

5. Засилување преку повеќе платформи: истовремена или редоследна циркулација на рамката низ различни платформи, од кои секоја зајакнува некоја нејзина специфична компонента – брзина, емоција, меморија, легитимизација, видливост или координација.

6. Претворање во ефекти: претворањето на наративната изложеност во мерливи ефекти во однос на перцепцијата, агендата, политичкото однесување или офлајн мобилизацијата.

7. Приспособување и истрајност: континуирано приспособување на содржината, целите и векторите врз основа на реакциите во рамките на информацискатa средина, со цел да се продолжи корисниот век на кампањата и да се зачува нејзиниот капацитет за реактивирање.

Ваквиот редослед помага да се објасни зошто етикетата „руска дезинформација“ честопати е несоодветна: проблемот не е само во потеклото на пораката туку и во нејзината способност да пронајде прокси-сервери, пренесувачи и внатрешна ранливост.

4.2 Србија

Србија е најзначајниот случај во целава оваа приказна. Пророскиот вектор во оваа земја обично не е во вид на антивладин наратив; напротив, тој честопати ја зајакнува постојната конфигурација на моќ така што ги делегитимизира опозицијата, протестите и граѓанското општество и ги прикажува како инструменти на наводните западни обоени револуции. РТ Балкан и Спутник Србија работат непречено како генератори и приспособувачи на наративи. Провладините мејнстрим медиуми редовно ја преземаат нивната содржина. Перењето вести преку таблоиди и домашни радиодифузери го трансформира надворешниот информациски притисок во внатрешен здрав разум (European Western Balkans, 2024; RSF, 2024; Reuters, 2022).

На медиумско ниво, Србија е исто така квантитативно јадро на регионалниот екосистем: голема публика за Јутјуб, Инстаграм, Фејсбук и Тикток, исклучително и голем фокус на телевизијата, широка употреба на апликации за пораки и простор преку границите на кои се зборува српски – сето тоа овозможува прелевање во Босна и Херцеговина, Црна Гора и на Косово. Што се однесува до интегрираната мобилизација онлајн и офлајн, треба да се потсетиме на отворените пророски демонстрации одржани во Белград во март 2022 година, како знак за симболичната и политичка длабочина на пророскиот екосистем.

4.3 Босна и Херцеговина / Република Српска

Во Босна и Херцеговина, највидливиот образец е конвергенцијата помеѓу пророскиот екосистем, Република Српска, и сецесионистичката/антидржавната агенда промовирана од Милорад Додик, кој е главен политички лидер на Република Српска и актер кој со години го користи институционалниот конфликт со Сараево за да ја консолидира поддршката дома и да ги редефинира маргините на автономија на српскиот ентитет. Во овој контекст, СММИ се испреплетува со историскиот ревизионизам, сеќавањето на војната, српскиот идентитет, делегитимизацијата на Дејтонскиот договор и руската дипломатска заштита: Москва дејствува не само како надворешен наративен извор туку и како мултипликатор на легитимитетот на локалните ставови со кои се оспорува трајноста на босанската држава и кои западното инволвирање го претставуваат како непријателско наметнување. Функцијата на пророски екосистем, според тоа, не е само пропагандистичка туку и поврзувачка, бидејќи прави поврзување помеѓу геополитичката агенда на Русија, локалното политичко претприемништво и нормализацијата на сецесионистичкиот дискурс.

Комбинацијата од институционална фрагментација, информациска ранливост и континуитет кај медиумскиот простор од српското говорно подрачје ја прави Босна и Херцеговина, а особено Република Српска, една од најјасно дефинираните точки на контакт помеѓу странското влијание и домашната дестабилизација.

4.4 Косово

Косово е местото на кое е највидлива комбинацијата која се состои од територијална дестабилизација и информациска војна, како онлајн така и офлајн. Кризите на северот на Косово, а особено нападот во Бањска кој се случи во септември 2023 година, покажаа како една безбедносна епизода може да генерира максимален ангажман на дезинформации, визуелна манипулација, теории на заговор, префрлање на вината кон Западот и рамки на страв и српска жртва (Democracy Plus, 2024; QKSS, 2024; Reuters, 2024).

Косово е особено изложено кога станува збор за дигиталниот домен, бидејќи имаме комбинација од младинска средина која е длабоко социјализирана на платформите, растечки медиумски екосистем, висока ранливост на дезинформации и силна симболична вредност на територијалното прашање. Телеграм, Фејсбук, порталите на српски јазик и прекуграничното пренесување на пораките имаат клучна улога во брзата трансформација на кризата во војна која се состои од повеќеслоен наратив.

4.5 Montenegro

Црна Гора е случај во кој димензијата на хибридна закана е највидлива во строга смисла. Кибершокот од 2022 година покажа колку една мала и мошне изложена држава членка на НАТО може да биде ранлива на хибриден притисок, дури и во ситуација на контроверзни припишувања во јавноста. На информациски план, Црна Гора е исто така една од земјите во кои постои силна руска дигитална дипломатска активност, анти-НАТО наратив, рамки на изгубен суверенитет и политичка употреба на српскиот и православниот идентитет (Reuters, 2022; SEENPM/Our Media, 2025).

Во оваа земја, СММИ просперира во контекст во кој сопственоста на медиумите, надворешното влијание, поларизацијата на идентитетот и дигиталната ранливост меѓусебно тесно се испреплетуваат

4.6 Македонија

Македонија е најкорисниот пример за тоа да се разбере како идентитетските спорови можат да се употребат како вектор на СММИ. Грчкото блокирање на патот на земјата кон НАТО, референдумот за името во 2018 година, Преспанскиот договор и последователното бугарското вето на европскиот пат им овозможија идеален наративен материјал на Москва и на проруските екосистеми: национално предавство, понижување, губење на идентитетот, наметнување од Западот и поткопување на традиционалните вредности.

Координирани кампањи беа забележани на Фејсбук, Инстаграм, Тикток, Икс и Телеграм, заедно со употреба на автоматски профили, конспиративни групи на Фејсбук, користење на Телеграм како ехо-комора и радикализација на теми кои се антиродови, против естаблишментот и антизападни. Во оваа смисла, Македонија може да претставува лабораторија за хибридизација помеѓу незадоволството на локално ниво и руските наративи.

4.7 Албанија

Албанија е земја во која се чини дека доказите за директни руски операции се послаби. Ова, сепак, не значи отсуство на ризик. Истражувањето кое е цитирано во текстот покажува циркулација на наративи кои се непријателски настроени кон НАТО и ЕУ, локално пренесување на руски или српски изјави и главен модел на индиректна пенетрација кој е базиран на увоз на наратив, медиумско ехо и перење вести преку локални медиуми или регионални посредници (BIRN Albania, 2024; NDI Albania, 2025).

Релативно посилното евроатлантско закотвување на земјата ја ограничува структурната длабочина на таквата пенетрација, но не ја елиминира можноста за информациска контаминација и тактичка конвергенција помеѓу антизападните рамки и домашната поларизација.

Табела 2. Споредбена матрица – држава/платформа

ДРЖАВА/ ОБЛАСТ	ГЛАВНА ОПЕРАЦИЈА/ КАМПАЊА	ГЛАВНИ ВЕКТОРИ	ЦЕЛ/ ЕФЕКТ	ОНЛАЈН/ ОФЛАЈН	ПРИПИШУВАЊЕ	ЗОШТО Е ВАЖНО
РЕГИОН	Портал Комбат / мрежа „Правда“ на неколку балкански јазици	клонирани страници, автоматизација, пренесување од пруски извори, Телеграм, РТ	интензивирање на стравот, делегитимирање на Косово, КФОР и Западот	онлајн	А/Б	Најочигледен случај на меѓународна инфраструктура што може да се припише на пруски екосистем
Србија	РТ Балкан / Спутник Србија + перење вести преку провладини медиуми	портали, телевизија, таблоиди, социјални медиуми	притисок врз членка на НАТО, институционална недоверба, геополитичка поларизација	онлајн + емитување + офлајн	Б	Главен центар на српскиот јазичен простор и на наративната доместификација
Босна и Херцеговина/ РС	Информативна и политичка поддршка за Додик / сецесионистички наратив	Медиуми на српски јазик, руски изјави, екосистем на РС	поларизација, недоверба, идентитетска и морална анксиозност	онлајн + институционален + офлајн	Б	Точка на конвергенција помеѓу домашната агенда и руската проекција
Косово	Информативна ескалација околу кризите на северот и Бањска	Српски/ просрпски портали, социјални медиуми, прекугранични дезинформации	загадување на јавната дебата, ширење на антизападни рамки	координирано онлајн + офлајн	Б/Ц	Јасно поле на конвергенција помеѓу она што се случува на терен и информациската војна
Црна Гора	Кибершок од 2022 година + притисок од СММИ	кибернапади, руска дипломатска активност на Фејсбук, надворешен информациски екосистем	pressure on a NATO state, institutional distrust, geopolitical polarisation	онлајн, со системски офлајн ефекти	Ц	Испреплетување на хибридниот притисок и информациската ранливост
Македонија	СМИИ – анти-НАТО / анти-ЕУ / „традиционални вредности“	Фејсбук, Инстаграм, Тикток, Х, Телеграм, слабо регулирани страници	polarisation, distrust, identitarian and moral anxieties	претежно онлајн	Б/Ц	Пример за искористување на идентитетски спорови
Албанија	Индиректно навлегување/ перење на вести со анти-НАТО и анти-ЕУ наративи	локални медиуми, пренесувања надвор од контекст, регионални посредници	pollution of public debate, spread of anti-Western frames	онлајн	Ц	Плитка структурна пенетрација, но не и отсуство на ризик

Табела 3. Временска рамка - главни прозорци за можности на СММИ

ПЕРИОД / НАСТАН	НАРАТИВИ	ЦЕЛИ	РАНЛИВОСТ КОЈА Е ИСКОРИСТЕНА	ПЛАТФОРМИ / ВЕКТОРИ
2020 – 2021 | Пандемија со КОВИД-19	создаден/скриен вирус, Големата фармација, неуспехот на ЕУ, Спутник V како доказ за руската ефикасност	мобилизирање на солидарноста со центар во Србија; поткопување на довербата во КФОР/ЕУ/САД	ниска здравствена писменост, недоверба кон елитите	Фејсбук, апликации за пораки, портали, телевизија; Србија како центар на дипломатија за вакцините
Февруари – декември 2022 | Руска инвазија на Украина	НАТО е одговорен, Русија се брани, лицемерен Запад, двојни стандарди	збунување на одговорноста; претворање на безбедносната криза во наративна војна	поплаки поврзани со 1999 година, антизападизам, прекуграничен простор на српски јазик	РТ Балкан, Спутник Србија, таблоиди, телевизија, Јутјуб, Телеграм
2023 | протести и поларизација во Србија	обоена револуција, невладини организации и медиуми како надворешни агенти	заситување на екосистемот, обликување на пребарувањето и препораките	недоверба во плурализмот, големо консумирање на телевизија + портали + Фејсбук	РТ Балкан, Спутник, провладини медиуми, Фејсбук, Јутјуб
2023 | криза на северно Косово	Србите под опсада, Косово е нелегитимно, Западот е соучесник	легитимизирање на мекиот сецесионизам и поткопување на босанската држава	територијални поделби, страв, висока симболична вредност на Косово	Портали од српско говорно подрачје, Телеграм, Фејсбук, телевизија
2023 – 2024 | Бањска и потоа	напад врамен како самоодбрана или заговор, префрлање на вината кон Западот	скалирање на обемот, брзината и персонализацијата на СММИ	поларизирана средина; слаба контрола врз порталите	социјални медиуми, портали, Телеграм, вкрстено објавување и перење вести во медиумите
2024 | Портал Комбат / Правда	преплавување со локална проруска содржина	saturate the ecosystem, shape search and recommendation	зависност од пребарување/социјални мрежи, повторно објавување, слаба верификација	мрежи од страници на повеќе јазици, оптимизација на пребарувачите (SEO), автоматизација, Телеграм како извор
2024 – 2025 | Босна/РС и Додик	Пресудата е формулирана како политички прогон, РС е под закана, Западот е антисрпски настроен	legitimise soft secessionism and the erosion of the Bosnian state	институционална фрагментација, сеќавање на војната, политика на идентитет	медиуми на српски јазик, политички изјави, портали, телевизија, социјални медиуми
2024 – 2026 | Конвергенција на вештачка интелигенција + автоматизација	мултипликација на претходно постоечки наративи и хиперлокализација	scale FIMI volume, speed and personalisation	когнитивно заситување, ниска транспарентност на алгоритмите	мрежи на страници, социјални медиуми, алатки за вештачка интелигенција, синтетичка/хибридна содржина

5. ЗАКЛУЧОЦИ: ПРЕКУ СММИ ДО ПРОШИРЕНО ХИБРИДНО ОПКРУЖУВАЊЕ

Анализата потврдува дека Западен Балкан не е периферија во информациска смисла, туку европски простор во кој големата поврзаност, кревките институции, сеќавањето на конфликтите, малите медиумски пазари и геополитичката конкуренција меѓусебно создаваат интензивна ранливост. Руската закана цвета не затоа што сè што се случува е насочувано далечински од Москва туку затоа што регионот нуди бројни точки на влез и оперативно закотвување: историски поплаки, јазични простори преку границите, ниска транспарентност во онлајн секторот, недоволна писменост, недоверба кон медиумите и локални актери кои се подготвени да пренесуваат надворешни наративи за внатрешни цели EEAS, 2025; SEENPM/Our Media, 2025; ISD, 2024/2026).

Од таа причина, формулацијата „руска дезинформација" е несоодветна. Вистински проблем е екосистемот во кој:

a) Телеграм има тенденција да фаворизира радикализација и подготовка за мобилизација.
b) автоматизираните страници и лажните вести го максимизираат обемот, постојаноста и можноста за негирање.
c) Фејсбук и Јутјуб се нормализираат.
d) телевизијата, таблоидите и мејнстрим-порталите се легитимираат.
e) домашните актери го преведуваат сето тоа во внатрешен политички конфликт.

Во таа смисла, СММИ не е само содржина туку архитектура, општествено-когнитивна инфраструктура, локално преведување на геополитичкиот притисок и начин на емоционална култивација.

5.1 Идни траектории: злонамерна употреба на вештачката интелигенција и високоризични криминални мрежи

Најверојатниот вектор на закана во иднина ќе биде конвергенцијата помеѓу СММИ, автоматизацијата базирана на вештачка интелигенција и злонамерната употреба на вештачка интелигенција (MUAI) (Antinori, 2025). Неодамнешните европски анализи покажуваат дека употребата на вештачка интелигенција во СММИ ги намалува трошоците за обем, а воедно ги зголемува персонализацијата, преведувањето, синтезата на аудио- и видеоделовите, имитацијата на бренд и манипулацијата која користи повеќе начини. Во контекст на Западен Балкан, ова подразбира најмалку пет потенцијални развои на настаните:

I. Синтетичка содржина на локалните јазици која ќе биде поубедлива: сè подостапните генеративни модели овозможуваат генерирање на текстови, гласовни записи, титлови и визуелни средства кои имитираат локални јазични субјекти, и сето тоа по пониска цена и со помалку можност да се препознае дали содржината е вештачки генерирана.

II. Множење на медиуми за лажни вести и клонирани страници: автоматизацијата овозможува брзо пополнување на домените и порталите со големи количини лажна новинарска содржина, со што се зголемува постојаноста на рамките и лажниот плурализам на изворите.

III. Микроадаптација на пораките кон специфични заедници: истите наративни јадра можат да бидат насочени кон различни цели – млади луѓе, постари лица, дијаспора, верски заедници, публика што зборува српски или албански јазик, без да се изгуби стратешката кохерентност.

IV. Аудио- и видеодипфејк кои поттикнуваат значителен емотивен одговор: синтетичката содржина што симулира изјави, инциденти или визуелни докази може да ги реактивира траумата, стравот, огорченоста и чувствата на опсада, и тоа со јачина која е убедливо поголема од онаа на пишаниот текст.

V. Многу брзо заситување на повеќе платформи: комбинацијата од автоматско генерирање, преведување и континуирано тестирање овозможува инјектирање на многу варијанти од истата рамка и мерење на нивните когнитивни и емоционални перформанси речиси во реално време.

Имајќи го предвид горенаведеното, скокот не би бил само квантитативен – едноставно „повеќе пропаганда", туку би бил и во квалитативна смисла: адаптивна индустријализација на манипулацијата. Овој израз го користам за да го опишам моделот во кој производството, локализацијата, дистрибуцијата и оптимизацијата на содржината повеќе не се случуваат во епизодна или приспособена техника, туку тие се процес кој постојано се повторува и кој е заснован на автоматизација, модуларност и континуирана повратна информација. Во случајот на Западен Балкан, ова значи дека веќе постоечките расцепи – Косово, Додик/Република Српска, спорови околу идентитетот во Северна Македонија, црногорскиот суверенитет, сеќавањето на 1999 година, антизападното расположение на српските говорници – заедно можат да се третираат како културни репертоари, односно како архиви на симболи, трауми, наративи и антагонизми на кои можат да се применат различни верзии од истата рамка. Вештачката интелигенција не го заменува претходниот екосистем: таа го прави поевтин, побрз, полесен за преведување и потежок за припишување, пред сè затоа што овозможува тонот, форматот и емоционалниот интензитет на пораката речиси континуирано да се приспособуваат на реакциите на публиката.

Има и уште еден, попритаен развој на настаните кој се однесува на потенцијалното искористување на регионалните криминални мрежи со висок ризик (HRCN) како посредници за СММИ и/или даватели на услуги. Европол нагласува дека криминалните мрежи можат да работат како посредници за хибридни актери во кибероптествениот екосистем, додека други студии ги опишуваат русофонските криминални мрежи како субјекти кои ги олеснуваат континенталните хибридни закани, особено во делот на кијберкриминалот, перењето пари и нетранспарентните услуги за поддршка (Europol, 2025; CEPOL, 2025; European Parliament, 2026).

Во контекст како што е Балканот, HRCN можеби не можат да му понудат на СММИ одредена идеологија, туку овозможувачки капацитети: перење финансиски текови кон медиумските или лажните медиумски екосистеми; заштита на фиктивни компании; набавка на дигитални инфраструктури, SIM-фарми, хостирање и синтетички идентитети; неформално заплашување на новинари, администратори на страници и/или локални актери; врски меѓу криминалните пазари, ултрашите, насилните супкултури и онлајн заедниците; и употреба на затворени крипто кругови и оние кои се базирани на готовина со цел финансирање на операции на кои може да им се припише ниска видливост. Во ова сценарио, организираниот криминал не го заменува оној кој оперира со информациите, туку тој станува негова логистичка и финансиска заднина.[4]

[4] Arije Antinori (2026) High-Risk Criminal Networks (HRCNs) as a Proxy Actor in Foreign Information Manipulation and Interference (FIMI): a Hybrid Threat to Public and National Security in Special Conference Edition of the European Law Enforcement Research Bulletin.

Идната хибридна закана можеби нема да се претстави себеси како кампања која може веднаш да биде препознаена како „руска“, туку како синџир на нетранспарентни услуги: синтетичка содржина, перење вести на повеќе платформи, локални релеи, заштитено финансирање, селективно заплашување и употреба на маргинални актери на кои им е овозможен капитал на насилство и пристап до прекугранични сиви економии. Од тие причини, превенцијата ќе мора да се префрли од поединечна содржина на инфраструктурата, од очигледната лажна информација на синтетичкиот тек и од видливиот медиум на групата посредници што прават СММИ да биде одржлив со текот на времето.

Вреди да се потсетиме дека информациската војна не започнува таму каде што се појавува првата лажна вест. Таа започнува многу порано, кога општеството ја губи способноста да прави разлика помеѓу конфликт и како е прикажан тој конфликт. Во земјите од Западен Балкан, ранливоста не е случајност, туку таа е структура, производ на болни сеќавања од минатото, слаби медиумски пазари, несигурни политички идентитети и порозни наративни граници. Сите тие фактори овозможуваат СММИ да функционира: тој не измислува празнина, туку го организира она што веќе постои. Не создава непријателство од ништо; тој му дава форма, ритам, лексикон и цел. Вештачката интелигенција ќе ја направи оваа динамика побрза, поевтина и поприсутна. Криминалните мрежи може да ја направат помалку транспарентна, поотпорна и подобро заштитена. Вистинскиот проблем, тогаш, нема да биде едноставното препознавање на лагата, туку разбирањето на тоа кој ја носи таа лага, кој ја финансира, кој ја прави општествено веродостојна и емоционално резонантна и, конечно, кој ја претвора во архитектура на моќ.

ЛИТЕРАТУРА

1. Arije Antinori (2025) Malicious Use of Artificial Intelligence (MUAI): l'uso malevolo dell'intelligenza artificiale nell'ecosistema cyber-sociale *in* Sicurezza e scienze sociali XIII, 2/2025.
2. Arije Antinori (2026) High-Risk Criminal Networks (HRCNs) as a Proxy Actor in Foreign Information Manipulation and Interference (FIMI): a Hybrid Threat to Public and National Security *in* Special Conference Edition of the European Law Enforcement Research Bulletin.
3. BIRN Albania (2024) The Distribution of Disinformation Narratives by Hostile Actors against NATO and the EU in the Albanian Media.
4. Carnegie Europe (2021) Vaccine Geopolitics and the EU's Ailing Credibility in the Western Balkans.
5. CEPOL (2025) Western Balkans Tackle High-Risk Criminal Networks through Advanced Training in The Hague.
6. Clingendael (2023) Little Substance, Considerable Impact: Russian Sources of Influence in Serbia, Montenegro, and Bosnia and Herzegovina.
7. Council of Europe / European Audiovisual Observatory (2025) Resilience to Foreign Information Manipulation and Interference (FIMI) in Eastern Europe and the Western Balkans.
8. DataReportal (2025) Digital 2025 / 2026: Albania; Bosnia and Herzegovina; Kosovo; Montenegro; North Macedonia; Serbia.
9. Democracy Plus (2024) Vulnerability Index of Disinformation in Kosovo.
10. EEAS (2025) 2024 Report on EEAS Activities to Counter FIMI.
11. EEAS (2025) 3rd EEAS Report on Foreign Information Manipulation and Interference Threats.
12. EEAS (2026) 4th EEAS Report on Foreign Information Manipulation and Interference Threats.
13. EPRS (2023) Russia's Influence in the Western Balkans.
14. EPRS (2025) Information Manipulation in the Age of Generative Artificial Intelligence.
15. Europol (2025) EU-SOCTA 2025 - Executive Summary.
16. European Parliament (2021) Mapping Fake News and Disinformation in the Western Balkans and Identifying Ways to Effectively Counter Them.
17. European Parliament (2026) Addressing the Nature and Impact of Organised Crime on the International Scene.
18. European Western Balkans (2024) Russian State Media in Serbia Support the Government with Anti-Western Narratives.
19. IKS - Institute of Communication Studies (2025) Russian FIMI in North Macedonia: Exploiting Vulnerabilities Through Bilateral Disputes.
20. ISD (2024/2026) Monitoring Influence & Disinformation Campaigns in the Western Balkans (MEDIWEB).
21. Keegan, K. (2022) Clarity for Friends, Confusion for Foes: Russian Vaccine Propaganda in Ukraine and Serbia.
22. Montenegro Media Institute (2025) Strengthening Online Protection for Minors in Montenegro.

23. NDI Albania (2025) The Vulnerability of Albanian Politics to Foreign Interference.
24. OSCE Serbia (2023; 2026) Media Users over the Age of 65 in Serbia; Media Literacy of Serbia's Citizens.
25. QKSS (2024) Kosovo in Russian Foreign Policy Discourse.
26. RAN (2022) Online Radicalisation and P/CVE Approaches in the Western Balkans.
27. RCC (2018) A New Virtual Battlefield: How to Prevent Online Radicalisation in the Cyber Security Realm of the Western Balkans.
28. Reuters (2022-2025) regional dispatches on Serbia, Bosnia and Herzegovina, Kosovo and Montenegro.
29. RSF (2024) From Russia to Serbia: How RT Spreads the Kremlin's Propaganda in the Balkans despite EU Sanctions.
30. RUSI (2025) Russia, AI and the Future of Disinformation Warfare.
31. SEENPM / Our Media (2025) Regional Overview and Country Reports for the Western Balkans.
32. Viginum (2024) Portal Kombat: A Structured and Coordinated Pro-Russian Propaganda Network.

АМБИЕНТАЛНА РАДИКАЛИЗАЦИЈА: КАКО СММИ ГИ ИСКОРИСТУВА ПОСТОЈНИТЕ ПОДЕЛБИ

Џорди Најенхаус

1. Вовед

Странското мешање и манипулација со информации (СММИ) е загрижувачка карактеристика на денешната информациска средина. Тоа сè повеќе се препознава како стратешка алатка што се користи за нарушување на јавните дебати, искористување на општествените линии на поделеност на општеството и ослабување на демократската отпорност (European External Action Service [EEAS], 2025; EEAS, 2026). Истовремено, ваквото опкружување го става под знак прашалник начинот на кој ги разбираме појавите поврзани со СММИ, како што е радикализацијата.

Во традиционална смисла, штетите предизвикани онлајн, како што се дезинформациите, говорот на омраза и радикализацијата, честопати се разгледувале како посебни прашања, секое со своја политичка рамка, институционален одговор и традиција на истражување. Во дискусиите кои се однесуваат на радикализацијата, една од рамките која е доминантно присутна веќе подолго време е рамката која се однесува на идеологијата, регрутирањето и насилството. Се сметало дека поединците се вовлечени во екстремистички движења преку нивна изложеност на кохерентни идеолошки наративи, социјални мрежи и намерна мобилизација кон насилни или антидемократски дејствија.

Тој модел и понатаму е актуелен, но повеќе не е доволен.

Информациска средина денес е пофрагментирана, поемоционална и поопортунистичка. Наместо да се обидува да ги убедува луѓето со користење само на кохерентни идеолошки наративи, СММИ честопати работи на искористување на она што веќе постои: тензии, фрустрации, гнев, неизвесност и поделба во општеството. Не е неопходно да регрутира луѓе во некое јасно определено движење, туку многу често, едноставно, треба да ја продлабочи веќе постоечката недоверба, да ја засили поделеноста и да направи екстремните толкувања на реалноста да се сметаат за нешто нормално и оправдано.

Сè поголем е бројот на докази низ цела Европа за тоа дека странските и домашните актери користат координирани информативни кампањи за да ја интензивираат поларизацијата, да ја поткопаат довербата во институциите и да ги дестабилизираат демократските процеси (EEAS, 2025; ISD, 2024). Во пракса, ова значи дека СММИ ретко дејствува изолирано. Тоа комуницира со домашните дезинформации, со наративите за заговор, говорот на омраза, непријателството кое се заснова на идентитет и други пошироки форми на радикализација на интернет. Овие штети не постојат одвоено една од друга. Тие се преклопуваат, меѓусебно се зајакнуваат и сите можат да бидат искористени како оружје.

Горенаведеното има важни импликации за тоа како ги разбираме и како реагираме на овие предизвици. Ако дезинформациите ја поттикнуваат поларизацијата и обратно, ако оваа поларизација, пак, отвора можности за говор на омраза и ако таа динамика, повторно, ги прави луѓето поподложни на радикални наративи, тогаш третирањето на овие прашања во нивна изолираност повеќе не е доволно. Наместо да се справуваме со дезинформациите, говорот на омраза и радикализацијата како да постојат на посеб-

ни острови. Она што нас ни е потребно е поцелосен пристап кој сериозно ќе го сфати начинот на кој овие појави меѓусебно дејствуваат во рамките на истиот информациски екосистем.

Во овој контекст, овој труд го воведува концептот на амбиентална радикализација. Терминот помага да се долови отстапувањето од постарите модели кои беа првенствено насочени на јасно изразеното регрутирање и идеолошкото преминување кон насилство. Наместо тоа, амбиенталната радикализација го привлекува вниманието кон еден „пораспрскан" процес во кој луѓето постепено се тераат кон поекстремни позиции преку нивно постојано изложување на поларизирачка, манипулативна и емоционално набиена содржина, што пак може да ја забрза радикализацијата тогаш кога ќе се случи криза или доколку дојде до инцидент кој би бил иницијална каписла. Во овој модел, целта не е само тесна група која е изложена на ризик, туку цел е самото општество.

1.1 Методолошка белешка

Во труд е содржан концептуален и илустративен пристап. Тој се потпира на конкретни истражувања, институционални извештаи и избрани студии на случај од Европа и Западен Балкан, со цел да се истражи на кој начин СММИ е во интеракција со поширокатa динамика на информациите. Случаите беа избрани со цел да ги одразат различните патишта преку кои поларизацијата, дезинформациите и онлајн средините се испреплетуваат со процесите на радикализација, а не да се воспостават директни причинско-последични врски.

2. Од идеолошко регрутирање до амбиентална радикализација

Главните модели на радикализација се фокусираа првенствено на тоа како да ги привлечат луѓето кон екстремистичките идеологии, и тоа преку регрутирање и социјални мрежи. Се сметаше дека поединците се движат по релативно препознатливи патеки: изложеност на екстремистички идеи, контакт со мрежи или регрутери со слични размислувања и постепено усвојување на поригидни и честопати насилни погледи на светот. Ваквиот модел бил основа за повеќето креирани политики, истражувања и за работата на терен која има за цел превенција (Neumann, 2013; Horgan, 2008). Кога стануваше збор за групи како што се Даеш (ИСИС) или крајно десничарски движења, ваквите динамики беа видливи. Радикализацијата честопати беше со намера, структурирана и насочена. Постоела порака, оној кој ја пренесува пораката и организирано движење (Wiktorowicz, 2005; EU Radicalisation Awareness Network, 2019). Но, овој модел исто така претпоставува дека радикализацијата бара усогласеност, т.е. дека луѓето треба да бидат убедени во идеологијата пред да започнат да се движат кон поекстремни позиции.

Таквата претпоставка сè повеќе станува нецелосна.

Во денешното информациско опкружување, радикализацијата не секогаш започнува со идеологија. Таа честопати започнува со емоции – фрустрираност од политиката, недоверба во институциите, вознемиреност околу идентитетот или економската неизвесност, или чувство на неправда или исклученост.

Токму ова е нивото на кое дејствува СММИ.

Истражувањата кои ги земаат предвид екосистемите на дезинформации постојано укажуваат дека содржина која содржи емотивен набој е поверојатно да биде забележана, споделена и интернализирана (Vosoughi et al., 2018; Brady et al., 2017). Наместо да гради

идеолошка кохерентност, таа ги искористува емоциите. Наместо да регрутира поединци во јасно дефинирани движења, таа изложува голема и разновидна публика на содржина која ја засилува огорченоста, ги поедноставува сложените работи и ги заострува поделбите. Со текот на времето, ваквото постојано изложување може да ги промени перцепциите за реалноста: нешта кои се чувствуваат како веродостојни, кои се сметаат за прифатливи и за оправдани. Сето ова се совпаѓа со констатациите на EEAS – дека кампањите на СММИ систематски ја искористуваат „постоечката ранливост на општеството" и ја засилуваат поларизацијата, наместо да создаваат сосема нови наративи (EEAS, 2025).

Ова е она што би можеле да го опишеме како „амбиентална радикализација".

Амбиенталната радикализација не е придвижувана од еден актер, идеологија или насока. Таа е повеќестрана, кумулативна и честопати е тешко да се открие. Се одвива преку платформи, преку разни теми и низ заедници. Поединците повеќе не мора да бидат „вовлечени" во екстремизам; тие постепено се туркаат кон сето тоа, настрана и подалеку од нијансите, кон повеќе апсолутни и повеќе поларизирани позиции. Истражувањето на начините на онлајн радикализација сè повеќе ги истакнува ваквите процеси кои не се линеарни и кои се децентрализирани (ISD Global, 2023; Moonshot, 2022).

Важно е да се напомене дека овој процес не бара постоење на јасно препознатлива крајна точка. Луѓето можеби не се идентификуваат со одредени екстремистички ознаки или организации, но нивната доверба во демократските институции може да биде поткопана, нивната толеранција кон спротивставени ставови е можно да се намали, нивната отвореност кон конспиративни или исклучувачки наративи може исто така да се зголеми и, во некои случаи, тие може да започнат да гледаат на насилството како тоа да е легитимен одговор. Студиите кои ги проучуваат системите на тоа како е структурирано верувањето во теориите на заговор покажуваат на кој начин таквите наративи можат да дејствуваат како „рамки" (gateway frames) кои со текот на времето ги нормализираат поекстремните позиции (Douglas et al., 2019). Во оваа смисла, линијата помеѓу мејнстримот и маргината повторно станува сè помалку јасна.

Ваквото поместување, исто така, помага да се објасни зошто поделеноста стана централна карактеристика на сегашниот информациски пејзаж. Поларизацијата не е само нуспроизвод на несогласувањето. Таа е состојба што може активно да се засили и стратешки да се искористи. Истражувањата во земјите од Западен Балкан покажуваат дека манипулацијата од странски информации честопати ги зајакнува постојните поделби кои се засновани на идентитет и политички поделби, со што се отежнува постигнувањето на компромис и ја зголемува фрагментацијата во општеството (ISD Global, 2024; Council of Europe, 2025).

Важно е да се направи разлика помеѓу СММИ и радикализација. СММИ се однесува на координирана и манипулативна активност во информацискиот простор од страна на странски актери со цел да влијаат врз јавната дебата и да ги поткопаат демократските процеси. Радикализацијата, пак, опишува поширок општествен и психолошки процес преку кој поединци или групи се движат кон поекстремни позиции, што може, но и не мора да вклучува насилство. Иако овие појави е можно некогаш да се преклопуваат, тие не се меѓусебно заменливи. СММИ може да придонесе кон зајакнување на предусловите во кои е поверојатно да дојде до радикализација, преку засилување на поделбите, недовербата и наративите кои се набиени со емоции, но тоа е само еден од неколкуте фактори што ја обликуваат оваа динамика.

3. Студии на случај

Иако има повеќе фактори кои влијаат на поларизацијата, СММИ може да ги засили и да ги искористи овие динамики на начин што ја интензивира поделбата и го зголемува ризикот од ескалација. Во некои случаи, овие динамики се преклопуваат со насилни активности во реалниот свет. Ова не упатува на тоа дека постои директна или линеарна причинско-последична врска помеѓу дезинформациите и насилните акти – напротив, тоа посочува на кој начин постојаната изложеност на поларизирачки и манипулативни наративи може да придонесе за создавање на средини во кои насилството станува разумно, оправдано или дури и легитимно.

Важно е да се напомене дека не секогаш постојат јасни или директни докази за тоа дека одредени инциденти или наративи се резултат на координирана манипулација предизвикана од странски информации. Во многу случаи, динамиката која е опишана овде произлегува од сложената интеракција која постои помеѓу домашните актери, медиумските средини и онлајн заедниците. Притоа, истражувањата постојано посочуваат дека СММИ-кампањите имаат тенденција да ги искористат токму овие постоечки тензии и општествените линии на поделба, при што ги засилуваат домашните конфликти, наместо да ги создаваат од нула (EEAS, 2025). Сето ова го отежнува повлекувањето јасни граници помеѓу странското влијание и домашната динамика на информациите, дури и кога има сличност кај основните механизми.

3.1 Протести и насилство против институциите поради КОВИД-19 (низ цела Европа)

Пандемијата со КОВИД-19 создаде значително нестабилно информациско опкружување во цела Европа, кое се карактеризираше со неизвесност и со општествени и економски нарушувања кои беа распространети насекаде. Сите овие фактори доведоа до тоа мерките за јавно здравје, кампањите за вакцинација и одлуките на државата да бидат особено подложни на поларизација и манипулација.

Во еден ваков контекст, дезинформациите и наративите на заговор имаа мошне широка циркулација на онлајн платформите, честопати претставувајќи ги реакциите на пандемијата како форми на авторитарна контрола, манипулација од страна на елитите или координирана измама. На пример, имаше широко распространети тврдења кои ги прикажуваа вакцините против КОВИД-19 како алатки за контрола или вршење надзор над населението, заедно со други наративи кои прикажуваа одредени мерки (како што е полицискиот час) како „медицинска тиранија“ или претерување на моќта на државата. Во неколку земји, ваквите тврдења се вкрстуваа со пошироки наративи против државата и системот, и обединуваа различни публики во заедничка рамка на недоверба кон институциите (EEAS, 2022).

Важно е да се напомене дека овие наративи не функционираа во изолација. Тие беа во интеракција со постојаната огорченост кон владата, економската несигурност и перцепцијата за губење на индивидуалните слободи. Ваквите работи доведоа до спојување на публиката, при што поединци, кои имаа различна огорченост – од скептицизам кон вакцините до ставови против естаблишментот, станаа дел од информациските екосистеми кои меѓусебно се преклопуваа и се зајакнуваа.

Оваа динамика стана особено видлива во периодот кога се случуваа бранови на протести низ неколку европски земји, како што се Германија, Холандија, Франција и Белгија. Иако најголемиот број од овие протести беа мирни, други ескалираа во судир со органите задолжени за спроведување на законот, напади врз новинари и акти на насилство врз јавните институции (Reporters Without Borders, 2021; Reuters, 2021). Мониторингот и известувањето од овој период посочија на кој начин наративите кои се шират онлајн

придонесоа за зголемен анимозитет кон властите и како успеаја да легитимизираат форми на изразување протест кои по својата природа беа повеќе конфронтациски. Во некои случаи, пораките и мобилизирањето на протестите беа под директно влијание на онлајн наративи кои ги прикажуваа државните власти како нелегитимни или угнетувачки, ги намалуваа праговите за конфронтација и придонесуваа за појава на протести кои се карактеризираа со поагресивна форма.

Во овој контекст, улогата на СММИ и дезинформациите не беше да се создаде отпор кон мерките за јавно здравје, туку да се засили недовербата, да се интензивираат емоционалните реакции и огорченоста да се поврзе во еден покохезивен наратив насочен против системот. Информациската средина дејствуваше како мултипликатор и ги зголемуваше видливоста и перцепцијата за легитимност на позициите кои беа поекстремистички.

Иако повеќето од лицата кои беа изложени на овие наративи не се впуштија во насилно однесување, кумулативниот ефект придонесе за промена во ставовите – она што се смета за прифатливо однесување во контекст на јавни протести. Конфронтацијата со властите, изразеното непријателство кон новинарите и, во некои случаи, насилството врз институциите беа поприсутни за некои групи и сè повеќе беа нормално однесување.

Овој случај покажува на кој начин амбиенталната радикализација може да се случува низ повеќе сегменти на општеството. Наместо да се таргетираат одредени поединци, континуираната изложеност на наративи кои во својата основа ја имаат поделбата и недовербата придонесе кон постоење средина во која е поверојатно дека ќе се случи ескалација и во која границите помеѓу протест, конфронтација и насилство стануваа сè помалку јасни.

3.2 Тензиите меѓу Косово и Србија

Тензиите меѓу Србија и Косово во периодот 2023 – 2024 година покажуваат на кој начин информациските средини во кои постои висок степен на поларизација можат да се испреплетат со насилство во реалниот свет. Периодите на политичка криза на северот од Косово беа надополнети со ескалација на реториката, а во септември 2023 година се случи и вооружен напад во Бањска во кој беа инволвирани вооружени милитанти и кој резултираше со повеќе жртви.

Паралелно со случувањата на терен, информациската средина исто така стана многу контроверзна. Додека се случуваше инцидентот во Бањска и веднаш потоа, на медиумите и на социјалните мрежи циркулираа лажни и непроверени информации, како што се лажни тврдења, погрешно означени слики и контрадикторни извештаи. На пример, лажни содржини беа користењето на неповрзани или застарени слики кои се прикажуваа како докази од инцидентот, спротивставени извештаи за жртви и сторители и непроверени тврдења за одговорност – кои сите заедно циркулираа како вести пред официјално да бидат потврдени. Овие наративи придонесоа за конфузија и ги засилија емоционалните реакции во веќе нестабилен контекст.

Целата оваа динамика се случуваше во еден поширок регионален контекст во кој се документирани дезинформации и наративи кои се поврзани со странство и кои се прават со цел да се зајакнат меѓуетничките поделби и да се поткопа довербата во институциите. Истражувањата покажаа дека ваквите наративи честопати нагласуваат жртва, закана и нелегитимност на спротивната страна, придонесувајќи за поголема поларизација и за информациска средина која е набиена со емоции (ISD Global, 2024).

Важно е исто така да се потенцира дека овие наративи не потекнуваат од еден извор. Тие се обликуваат од комбинација која се состои од домашна политичка комуникација,

медиумска динамика и пораки кои се засилуваат однадвор. Во таков контекст, СММИ не се тие кои го креираат основниот конфликт, но може да дејствуваат како мултипликатор на тензиите, преку зголемување на емоционалниот интензитет на она што се случува и негово обликување на начин на кој тие сакаат да биде протолкуван од пошироката јавност.

Во моменти на криза, брзото ширење на погрешни или нецелосни информации може да го засили стравот, лутината и непријателството. Во случајот со Бањска, токму ваквото ширење придонесе за постоење на средина во која наративите на закана и конфронтација добија на важност, со што дополнително се зголеми ризикот од тоа тензиите повторно да ескалираат.

Овој случај одразува една клучна карактеристика на амбиенталната радикализација во контекст кој е засегнат со конфликт. Наместо директно предизвикување насилство, континуираната изложеност на поларизирачки наративи кои се базираат на закани придонесува кон постоење средина во која ескалацијата станува поверојатна и во која насилната конфронтација полесно може да се окарактеризира како нешто што е оправдано или неизбежно.

3.3 Случајот со пукањето во Словачка во 2022 година

Пукањето кое се случи пред еден ЛГБТК+ бар во Братислава, Словачка, во 2022 година е пример за тоа како динамиката на онлајн радикализацијата може да се испреплетува со насилството во реалниот свет. Напаѓачот уби две лица и повреди уште едно, при што дејствувал сам и не бил формално поврзан со екстремистичка организација. Меѓутоа, тој не бил радикализиран во изолација. Иако овој случај не е првенствено поттикнат од СММИ, тој ја илустрира пошироката логика на амбиенталната радикализација, каде што изложеноста на вмрежени онлајн наративи, а не на координирана странска манипулација, придонесува за промени во перцепцијата и во оправдувањето.

Истрагите покажаа дека сторителот бил активен во онлајн простори каде што циркулирале екстремистички, конспиративни и наративи полни со омраза. Тој има креирано манифест и бил под влијание на повеќе идеологии, меѓу кои антисемитски, анти-ЛГБТК+ и наративи засновани на заговор. Наративите подразбирале упатувања на таканаречената теорија за „Големата замена“ и на други рамки со кои малцинските групи се прикажуваат како закани за општеството. Аналитичарите и истражувачите забележале дека овие наративи не се ограничени само на изолирани екстремистички заедници, туку циркулираат пошироко низ онлајн екосистемите, честопати во помалку јасни или повеќе шифрирани форми (GNET, 2022, Research on online extremist ecosystems and networked radicalisation).

Наместо да следи еден, линеарен пат на идеолошко регрутирање, напаѓачот бил изложен на поширока констелација на наративи кои придонеле за тоа неговиот поглед на свет да биде обликуван од огорченост, исклученост и од перцепција за постоење на закана. Ваквите динамики не се изолирани. Слични наративи експлицитно се споменувани во неколку други насилни напади, меѓу кои е нападот во Хале во Германија во 2019 година и нападот во Крајстчерч на Нов Зеланд. Во овие случаи, сторителите го претставиле насилството како одговор на перципираните закани од миграцијата, загрозеноста на идентитетот и од демографските промени. Идејата за дејствување во одбрана на загрозена група или на цивилизација е карактеристиката која е заедничка за ваквите напади (Macklin, 2019; Davey & Ebner, 2019). Она што е важно во овој контекст не е само присуството на овие наративи туку и нивната достапност и циркулација низ онлајн просторите, каде што тие можат да се сретнат, да се адаптираат и да се зајакнуваат со текот на времето.

Ова одразува поширока промена во начинот на кој може да се одвива радикализацијата. Наместо да биде водена од директно регрутирање или од поврзаност со одредени организации, таа може да произлезе од континуирана изложеност на онлајн средина во која постојано се среќаваат штетни наративи, кои се широко достапни и сè повеќе се нормализираат. Во такви средини, границите помеѓу мејнстрим-дискурсот и екстремистичката содржина можат да станат нејасни, со што на поединците им е полесно постепено да прифаќаат порадикални толкувања.

3.4 Немирите во Франција во 2023 година

Немирите во Франција во јуни и јули 2023 година, кои се случија по убиството на 17-годишниот Нахел Мерзук, покажуваат на кој начин една информативна средина може да прерасне во ескалација и мобилизација од големи размери. Она што започна како протест брзо ескалираше во големи немири кои резултираа со илјадници апсења, стотици повредени полицајци и големи уништувања на јавен и приватен имот (Reuters, 2023a; Full Fact, 2023). Паралелно со она што се случуваше на терен, информативниот простор стана мошне контроверзен. Немирите беа придружени со пораст на погрешна и манипулирана содржина што циркулираше на социјалните мрежи. Организациите за проверка на факти документираа широк спектар лажни тврдења, меѓу кои видеа со погрешни ознаки, измислени наративи и провокативна содржина осмислена со цел да го преувеличи обемот на насилството или да го стави во етнички или цивилизациски рамки (Full Fact, 2023). Моментите на криза стануваат плодна почва за ширење на дезинформации. Големите јавни настани, особено оние кои се карактеризираат со насилство, имаат тенденција да предизвикаат нагли скокови кај манипулативната содржина што може да разгори тензии и да влијае на начинот на кој настаните се толкуваат од страна на поширокаta публика (Full Fact, 2023; Reuters, 2023a).

Во случајот со немирите во Франција, погрешни наративи циркулираа не само на домашно туку и на меѓународно ниво, честопати поттикнувајќи ги поларизираните рамки. Тие вклучуваа тврдења кои ги прикажуваа немирите како „граѓанска војна“, наративи кои припишуваа колективна вина на одредени заедници, како и претерани или измислени вести за обемот и за координацијата на насилството. Ваквите рамки ги зајакнаа поларизираните толкувања на настаните и придонесоа за емоционално набиена и конфронтациска информациска средина (Full Fact, 2023). Наративите не ги создадоа главните огорчености, но придонесоа за постоење на сè понестабилна информациска средина во која се засилуваат гневот, стравот и непријателството.

Во исто време, креаторите на политики експлицитно го признаа влијанието на информациската средина врз ескалирањето на состојбите. Француските власти јавно изразија загриженост за влијанието на социјалните медиуми и за дезинформациите кои се шират додека траеја немирите, вклучително и дискусии за ограничување на пристапот до платформи во моменти на немири (Рojтерс, 2023b).

Овој случај илустрира една клучна динамика на амбиенталната радикализација. Самото насилство беше предизвикано од конкретен инцидент, но начинот на кој се одвиваше и неговото ширење беа под влијание на високо поларизирана и информациска средина која забрзано се менуваше. Дезинформациите не беа тие кои директно ги предизвикаа немирите, но дејствуваа како катализатор, засилувајќи ги тензиите, зајакнувајќи ги непријателските наративи и придонесуваа кон создавање услови во кои насилството можеше побрзо и пошироко да ескалира.

4. Модел за тоа како СММИ ја искористува поделеноста која постои

Почетната точка мошне ретко е самата идеологија. Многу почесто, почетна точка е тензијата која веќе постои или одредена огорченост или ранливост. Ова може да биде политичка недоверба, непријатност поврзана со идентитетот, страв поврзан со миграцијата, фрустрација поради економските состојби или гнев кон институциите. Сите овие нешта не ги измислува СММИ, туку тие веќе постојат во општеството и честопати имаат корен во реалното искуство, во перцепциите или во нерешени политички тензии.

Првиот чекор е идентификување на линијата на поделба. Странските и домашните актери подеднакво следат кои прашања се веќе набиени со емоции и кои предизвикуваат поделби во општеството. Најефикасните наративи обично не се во целост измислени, туку тие се создаваат врз актуелна чувствителност, бидејќи токму тие имаат поголема веројатност да резонираат и да се шират.

Вториот чекор е засилувањето. Откако ќе се идентификува линијата на поделба, се поттикнуваат наративи кои го зголемуваат нејзиниот емоционален интензитет. Ова честопати вклучува наратив за одредени настани кој подразбира предавство, закана, понижување, неправда или загуба. Сложената природа на реалноста се сведува на поедноставени и емоционално оптоварени спротивности: ние наспроти нив, вистина наспроти лаги, слобода наспроти контрола, преживување наспроти предавање. Во оваа фаза, целта не е нужно да се убедат луѓето во одреден поглед на светот, туку да се натераат да почувствуваат дека нешто што е суштинско е предмет на напад.

Третиот чекор е нормализација преку повторување и циркулирање. Како што на платформите има повторување на наративите, тие се прифаќаат од различни актери, се повторуваат во различен формат и се интегрираат во пошироките дискусии онлајн. На тој начин, тие почнуваат да бидат помалку на маргините и повеќе како дел од она што е веќе познато. Токму тука е клучната поента. Луѓето не треба целосно да веруваат во наративот за тој да влијае на нивните перцепции. Самото повторување на истиот тој наратив може да направи тој да се смета за поверодостоен, поприсутен во мејнстримот или барем повеќе предмет на дискусија.

Четвртиот чекор е поткопување на довербата и моралните граници. Луѓето постојано се изложени на наративи што прикажуваат дека институциите се корумпирани, дека противниците се прикажуваат како нешто опасно или со кои компромисот се прикажува како предавство. Во такви околности, довербата почнува да слабее. Ова влијае не само на довербата во владите или медиумите, туку и на довербата во демократските процеси, во јавната дебата и во другите групи во општеството. Во исто време, почнуваат да се менуваат и моралните граници. Јазикот станува понепријателски, исклучувачките позиции стануваат лесни за оправдување, а конфронтирачките одговори почнуваат да се сметаат за нешто што е прифатливо.

Петтиот чекор е „закотвување" на самото однесување. Ова не секогаш значи насилство, а во повеќе случаи и не станува збор за тоа, туку може да значи „закотвување" на ставовите, поголема отвореност кон дехуманизирачки или кон конспиративни наративи, зголемена поддршка за антидемократски мерки и сè поголема подготвеност за поддршка на репресија, заплашување, па дури и на насилство како легитимни одговори. Искуството од пандемијата со КОВИД-19 упатува на тоа дека ваквата динамика се интензивирала и дека не се намалила. Анкетите во Европа покажуваат опаѓање на довербата во институциите во споредба со нивоата кои постоеле пред пандемијата, во комбинација со зголемена политичка и општествена поделеност (Eurofound, 2023; OECD, 2023). Во исто време, надолжните анкети покажуваат дека поддршката за силни

лидери кои ги заобиколуваат демократските процеси се зголемила во неколку земји во текот на изминатава деценија, како за време на пандемијата така и потоа (Pew Research Center, 2020; 2023). Сите овие промени се тесно поврзани со зголемената изложеност на емоционално наелектризирана и конспиративна содржина, за која е докажано дека ја зајакнува не само динамиката на „наша" и „ваша" група туку и непријателството кон спротивставените групи (Brady et al., 2017; Douglas et al., 2019). Важно е да се напомене дека овој процес не е линеарен и не е секогаш централно координиран. Тој може да се движи напред-назад од една во друга фаза, да се забрзува во моменти на криза или да се одвива постепено со текот на времето. Исто така, истиот не бара сите да се движат во иста насока.

5. Перспективи

Импликациите од амбиенталната радикализација не се само аналитички, туку тие сè повеќе стануваат релевантни за политиката и регулативата. Гледано во перспектива, политичкиот одговор веројатно ќе стане повеќеслоен, но истовремено и поконтроверзен. Во земјите на ЕУ, Законот за дигитални услуги (DSA) сега е главната регулаторна основа за отчетност на платформите. Тој се применува низ цела ЕУ и наметнува многу строги обврски за повеќе големи онлајн платформи и пребарувачи, и креира алатки за проценка на ризик, за транспарентност, надзор и спроведување. Тоа е важно, но би било грешка да се претпостави дека регулативата сама по себе ќе го реши проблемот. Таа може да помогне во тоа платформите да се принудат посериозно да ги сфатат системските ризици, вклучувајќи ги и ризиците поврзани со нелегален говор на омраза и дезинформации, но таа самата не може да ја обнови довербата, да ја намали поларизацијата или да ги поништи кумулативните ефекти од амбиенталната радикализација. Со други зборови, DSA може да ограничи дел од инфраструктурата преку која се шири манипулацијата, но не е замена за поширока демократска отпорност.

Во однос на земјите од Западниот Балкан, наредните неколку години се очекува да се карактеризираат со двоен предизвик: од една страна е поблиското усогласување со европските регулаторни рамки и, од друга страна, континуираната изложеност на кревки информациски средини. Советот на Европа и поврзаните регионални истражувања укажуваат и на растечкото внимание во однос на градењето отпорност кон СММИ и на нееднаквата подготвеност за имплементација на она што е предвидено со DSA во целиот регион. Неодамнешните активности во регионот укажаа дека усогласувањето со DSA треба да биде меѓусекторско и партиципативно, а исто така предупредија дека регулативата за онлајн штети може сама по себе да се злоупотреби ако не се заснова на заштитни мерки за слободата на изразување. Ваквото предупредување е особено релевантно во контекст каде што заробеноста на медиумите, слабиот надзор и високата политичка поларизација веќе ги комплицираат реакциите кон дезинформациите и манипулациите (Council of Europe, 2025).

Посложено прашање сега е колку доследно може да се примени концептот на СММИ во различни геополитички контексти. Според рамката на EEAS, СММИ се однесува на манипулативни активности и мешање во информациското простор од страна на странски актер. Сепак, како што се зголемуваат тензиите околу европскиот модел на управување со информациите, линијата помеѓу дипломатскиот ангажман, идеолошката кампања и потенцијалното мешање во информациите ќе биде потешко да се дефинира. Неодамнешните случувања, исто така, ги истакнаа растечките несогласувања околу Законот за дигитални услуги и прекуграничните информациски политики, што покажува колку е оспорен овој простор.

Ова веројатно ќе биде еден од главните предизвици што ќе претстојат. Следната фаза од оваа дебата нема да се однесува само на идентификување на поединечни актери туку и на разбирање на тоа на кој начин се обликуваат информациските средини, како се движат наративите и како тие влијаат врз перцепциите за легитимитет, конфликт и на тоа што се смета за прифатливо однесување. Ако амбиенталната радикализација е делумно поттикната од условувањето на овие средини, тогаш идните реакции ќе треба да се фокусираат не само на откривање на манипулации туку и на зајакнување на отпорноста на ниво на општеството. Тоа вклучува обнова на довербата, намалување на поларизацијата и создавање услови во кои поекстремните толкувања на стварноста ќе имаат помала веројатност да се зацврстат или, пак, да се прошират.

БИБЛИОГРАФИЈА

1. AFP Fact Check. (2023). False and misleading content circulated during the unrest in France. https://factcheck.afp.com
2. Brady, W. J., Wills, J. A., Jost, J. T., Tucker, J. A., & Van Bavel, J. J. (2017). Emotion shapes the diffusion of moralized content in social networks. Proceedings of the National Academy of Sciences, 114(28), 7313–7318. https://www.pnas.org/doi/10.1073/pnas.1618923114
3. Balkan Investigative Reporting Network (BIRN). (2023). Kosovo remains vulnerable to disinformation, BIRN report concludes.
4. https://birn.eu.com/news-and-events/kosovo-remains-vulnerable-to-disinformation-birn-report-concludes/
5. Cinelli, M., Morales, G. D. F., Galeazzi, A., Quattrociocchi, W., & Starnini, M. (2021). The echo chamber effect on social media. Proceedings of the National Academy of Sciences, 118(9). https://www.pnas.org/doi/10.1073/pnas.2023301118
6. Council of Europe. (2025). Strengthening resilience to FIMI in Eastern Europe and the Western Balkans. https://rm.coe.int/iris-extra-2025-strengthening-resilience-to-fimi-in-e-europe-w-balkans/488029863a
7. Davey, J., & Ebner, J. (2019). The Great Replacement: The violent consequences of mainstreamed extremism. Institute for Strategic Dialogue. https://www.isdglobal.org/isd-publications/
8. Democracy for Development (D4D). (2024, July 9). The need for fact-checking from the media in Kosovo.
9. https://d4d-ks.org/en/editorial/the-need-for-fact-checking-from-the-media-in-kosovo/
10. Douglas, K. M., Sutton, R. M., & Cichocka, A. (2019). The psychology of conspiracy theories. Current Directions in Psychological Science, 28(6), 538–542. https://journals.sagepub.com/doi/10.1177/0963721417718261
11. Edelman. (2024). Edelman Trust Barometer 2024. https://www.edelman.com/trust/2024/trust-barometer
12. Eurofound. (2023). Living, working and COVID-19: One year into the pandemic. https://www.eurofound.europa.eu/publications/report/2023/living-working-and-covid-19-one-year-into-the-pandemic
13. European Commission. (2024). The Digital Services Act. https://digital-strategy.ec.europa.eu/en/policies/digital-services-act
14. European Commission. (2025). Code of Conduct on countering illegal hate speech online+ integrated into the DSA framework. https://digital-strategy.ec.europa.eu/en/policies/code-conduct-illegal-hate-speech-online
15. European Council on Foreign Relations. (2021). Europe's invisible divides: How COVID-19 is polarising European politics. https://ecfr.eu/publication/europes-invisible-divides-how-covid-19-is-polarising-european-politics/
16. European External Action Service. (2022). 2nd EEAS report on foreign information manipulation and interference threats. https://www.eeas.europa.eu/eeas/2nd-eeas-report-foreign-information-manipulation-and-interference-threats_en

17. European External Action Service. (2025). 3rd EEAS report on foreign information manipulation and interference threats. https://www.eeas.europa.eu/eeas/3rd-eeas-report-foreign-information-manipulation-and-interference-threats-0_en

18. European External Action Service. (2026). 4th EEAS annual report on foreign information manipulation and interference threats. https://www.eeas.europa.eu/eeas/4th-eeas-annual-report-foreign-information-manipulation-and-interference-threats_en

19. Full Fact. (2023). False and misleading claims shared during the France riots. https://full-fact.org

20. Global Network on Extremism and Technology. (2022). Insights on networked online extremism and violent ecosystems. https://gnet-research.org

21. Horgan, J. (2008). From profiles to pathways and roots to routes: Perspectives from psychology on radicalization into terrorism. The ANNALS of the American Academy of Political and Social Science, 618(1), 80–94.

22. Institute for Strategic Dialogue. (2023). Online ecosystems, extremism and radicalisation research. https://www.isdglobal.org/isd-publications/

23. Institute for Strategic Dialogue. (2024). Monitoring influence and disinformation campaigns in the Western Balkans. https://www.isdglobal.org/wp-content/uploads/2024/12/Monitoring-Influence-and-Disinformation-Campaigns-in-the-Western-Balkans.pdf

24. Macklin, G. (2019). The Christchurch attacks: Livestream terror in the viral video age. CTC Sentinel, 12(6), 18–29. https://ctc.westpoint.edu/the-christchurch-attacks-livestream-terror-in-the-viral-video-age/

25. Moonshot. (2022). Online radicalisation pathways. https://moonshotteam.com

26. Neumann, P. R. (2013). The trouble with radicalization. International Affairs, 89(4), 873–893.

27. OECD. (2023). Drivers of trust in public institutions in Europe. https://www.oecd.org/governance/trust-in-government/drivers-of-trust-in-public-institutions.htm

28. Pew Research Center. (2020). Global attitudes toward democracy in Europe and beyond. https://www.pewresearch.org/global/2020/02/27/global-attitudes-toward-democracy-in-europe-and-beyond/

29. Pew Research Center. (2023). Satisfaction with democracy and political systems over time. https://www.pewresearch.org/global/2023/03/22/satisfaction-with-democracy-and-political-systems/

30. Reuters. (2021, December 5). Several injured as Dutch COVID protest turns violent. https://www.reuters.com

31. Reuters. (2023a, July 1). France riots: unrest spreads after police shooting. https://www.reuters.com

32. Reuters. (2023b, July 4). France considers response to social media role in riots. https://www.reuters.com

33. Reuters. (2025b, August 7). Rubio orders U.S. diplomats to launch lobbying blitz against Europe's tech law. https://www.reuters.com/sustainability/society-equity/rubio-orders-us-diplomats-launch-lobbying-blitz-against-europes-tech-law-2025-08-07/

34. Reuters. (2026a, February 18). U.S. plans online portal to bypass content bans in Europe and elsewhere. https://www.reuters.com/world/us-plans-online-portal-bypass-content-bans-europe-elsewhere-2026-02-18/

35. Reuters. (2026b, March 18). JD Vance to visit Hungary ahead of April election. https://www.reuters.com

36. Reporters Without Borders. (2021). German protests against COVID-19 measures: Persecution of journalists behind the façade of a citizen movement. https://rsf.org/en/german-protests-against-covid-19-measures-persecution-journalists-behind-fa%C3%A7ade-citizen-movement

37. Van Bavel, J. J., et al. (2022). The role of social and political polarization in COVID-19 pandemic outcomes. Proceedings of the National Academy of Sciences, 119(14). https://www.pnas.org/doi/10.1073/pnas.2119690119

38. Vosoughi, S., Roy, D., & Aral, S. (2018). The spread of true and false news online. Science, 359(6380), 1146–1151. https://www.science.org/doi/10.1126/science.aap9559

39. Wiktorowicz, Q. (2005). Radical Islam rising: Muslim extremism in the West. Rowman & Littlefield.

Институт за
комуникациски
студии

www.iks.edu.mk info@iks.edu.mk

